# ДАНЧО ОРДЕВ

21.X—1.XI '86 г.

**ДАНЧО ОРДЕВ** со својата самостојна изложба во Центарот за култура и информации во Скопје даде приказ на своето творештво во последниве неколку години, имплицирајќи, во рамките на сопствените стилски интенции, извесни нови тенденции во смисла на редуцирање на композиционата конструкција. Останувајки тематски врзан за пејзажот, кој како инспиративен момент е вечно присутен елемент на сликата, Ордев го варира во ликовната трансакција, создавјаќи нова реалност иако, всушност, не ја напушта појавната стварност во тој тематски контекст. Неговата творечка фантазија ги акцептира појавите земени од надвор. од реалниот свет, валоризирајќи ги контурите на природата во начинот на нивното ликовно кажување. Проектирајки ја динамичната, експлозивна композиција, условена со медиумот на фиксирањето на појавите во процесот на нивните промени, Ордев внесува еден нов сензибилитет во начинот на ликовното транскрибирање на идејата. Поместувајќи го аголот на гледањата на светот и појавите што го опкружуваат, Ордев на своите експлозивни пејзажи им дава на моменти извесна нереална визија, зачната во уметниковата имагинација. Експресионистичкиот моделираниот колористички спектар, како и самиот начин на компонирањето и воспоставувањето специфични односи внатре во содржината на делото, се одраз на емоционалниот диктат и на интимните превирања.

СИНТЕТИЗИРАЈЌИ ги основните вредности на појавните елементи во компактна целина, Ордев ѝ дава созвучие на препознатливи форми, облагородувајќи ја со поетска имагинација и со духовна содржина на сликаниот простор. Тие имагинативно уочени факти во акцентирањето на одредениот пејзаж, Ордев пречистувајќи ги претходниот процес на работата, ги компонира во нова логика на заемните односи во контекстот на дадената ситуација. Таквото третирање на содржината и на нејзината ликовна евокација, произлегува од уметниковите визуелни истражувања на модулот на конструирањето и хуманизирањето на одамна отуѓените елементи на средината кои, всушност, се основа на нашата „егзистентна стварност". Неговите „препознатливи" и асоцијативни композиции со еуфорично-лирска транскрипција потекнаа од умтеничката внатрешна творечка лабораторија, со тенденции да се соопшти сопствената интерпретација на реалните односи.

ТОПЛИНАТА, ЖИВОПИСНОСТА и колористичкото богатство на македонското поднебје длабоко вкоренето во неговата свсет како идејно-инспиративна нишка, се реперкуира во ликовното кажување и во жестокоста и смелоста на поетот диктиран од индивидуалното сфаќање на дниамиката на ова време.

Викторија ВАСЕВ ДИМЕСКА

ДАНЧО Ордев е роден на 7.V 1945 год. во Скопје. Училиште за применета уметност завршил во Скопје 1965 год. Дипломирал на Академијата за ликовна уметност во Загреб 1969 год. Член е на ХДЛУ од 1969 и ДЛУМ од 1973. Живее и работи во Скопје. Адреса ул. „Народен фронт“ 7/54. Тел. 213-833.

Самостојни изложби

1972 — Загреб
1979 — Скопје
1979 — Струга

Групни изложби

1970 — Белград (Војници — ликовни уметници)
1971 — Загреб (IV салон младих)
1972 — Загреб (V салон младих)
1976 — Белград (Златно перо Београда)
1977 — Скопје (Изложба на наградени дела на тема „Македонски пејзаж“ и „Македонка“)
— Скопје (Млада генерација 3)
— Скопје (ДЛУМ)
— Скопје (Млади ликовни творци)
1978 — Бања Лука (Современа македонска уметност)
— Скопје (ДЛУМ)
— Струмица (Струмичка колонија)
1979 — Куманово (Струмичка колонија)
— Струга (Три ликовни изрази)
— Скопје (ДЛУМ)
— Скопје и низ Македонија (X графичка изложба на ДЛУМ)
1980 — Скопје (Струмичка ликовна колонија)
1981 — Марибор (Југословенско триенале екологија — култура)
1982 — Чачак (XII меморијал на Надежда Петровиќ)
— Скопје (ДЛУМ)
1983 — Скопје (Изложба на минијатури)
— Скопје (ДЛУМ)
— Скопје (Живот, производство, дизајн)
1984 — Скопје (Современ македонски акварел)
— Скопје (ДЛУМ)
1985 — Скопје (Ретроспектива на Струмичка колонија)
1986 — Скопје (Еротизмот во современата македонска ликовна умет ност)

Награди

1970 — Награда за сликарство на изложбата „Војници — ликовни уметници“ — Белград
1977 — II награда (I не е доделена) на анонимниот републички конкурс на тема „Македонски пејзаж“ за обликување на маке донскиот салон на СИВ во Белград
1979 — Откупна награда „11 Октомври“ на XXXIV изложба на ДЛУМ

Делата се наоѓаат во:

Музеојт на современата уметност во Скопје, Уметничката галерија во Скопје, Сојузен извршен совет во Белград, Извршен совет на СРМ, Македонски културен центар во Торонто, ЦК на Македонија, државни претставништва — амбасади во Грција и Бугарија, Народен музеј на Прилеп, Собрание и Работнички универзитет на Струмица, повеќе работни организации во Скопје и приватни колекции во Скопје, Загреб, MEVLBRON (СР Германија), Нови Сад, Струмица, Прилеп итн.

Каталошки податоци за експонатите

1. „Бродец“, масло на платно, 57x67, 1980
2. „Црвено и зелено“, масло на платно, 60x73, 1982
3. „Предел од Прилепско“, масло на платно, 58x68, 1981
4. „Пејзаж I“, масло на платно, 58x68, 1982
5. „Куќа во зелено I“, масло на платно, 54x65, 1983
6. „Куќа во зелено II“, масло на платно, 54x65, 1983
7. „Мотив со црвено небо“, масло на платно, 60x68, 1985
8. „Бродец II“, масло на платно, 59x68, 1985
9. „Селска улица I“, масло на платно, 60x71, 1985
10. „Селска улица II“, масло на платно, 60x71, 1985
11. „Сончев предел I“, масло на платно, 59x68, 1985
12. „Сончев предел II“, масло на платно, 55x71, 1985
13. „Селска улица III“, масло на платно, 59x68, 1985
14. „Мотив во темно“, масло на платно, 59x68, 1985
15. „Предел со тополи II“, масло на платно, 55x71, 1976
16. „Село со планина“, масло на платно, 86x100, 1984
17. „Пејзаж во зелено“, масло на платно, 110x88, 1986
18. „Чардаци“, масло на платно, 110x88, 1985
19. „Село“, масло на платно, 110x88, 1985
20. „Група куќи“, масло на платно, 110x88, 1985
21. „Светлост“, масло на платно, 80x100, 1978
22. „Мотив во црвено“, 140x190, 1975
23. Откривање, 72x82, 1984

галерија на современа југословенска графика битола

ОРГАНИЗАТОР:

ЗАВОД, МУЗЕЈ И ГАЛЕРИЈА БИТОЛА

Печати: БГЗ — „Киро Дандаро“